# РЕПАРАТУР ГЛЕТ

*Смеса за израмнување на бетонски и репарирани бетонски површини, изработена на цементно-полимерна основа. Одговара на EN 1504-3*

## Област на примена:

За фино израмнување (глетување) на репарирани бетонски површини обработени со Репаратур малтер-Ф, Репаратур малтер, надворешни малтерисани површини или површини од натур бетон.

## Својства:

- добра адхезија за подлогата;
- отпорност на мраз и атмосферски влијанија;
- добра цврстина и еластичност;
- едноставно приготвување и изведба;
- економичност;

## Технички каратеристики:

| Својства | Метода | Декларирана вредност |
|---|---|---|
| Изглед | | Сива прашкаста маса |
| Атхезија за подлогата | EN 1542 | >1,0 MPa |
| Јакост на притисок на 7 дена | EN 12190 | >20 MPa |
| Јакост на притисок на 28 дена | EN 12190 | >30 MPa |
| Јакост на свиткување на 7 дена | EN 1015-11 | >2,0 MPa |
| Јакост на свиткување на 28 дена | EN 1015-11 | >5,0 MPa |

## МЕТОДОЛОГИЈА НА ИЗВЕДБА:

**Подготовка на подлога:**
Подлогата од бетон, репариран бетон или цементен малтер треба да биде чиста, обезмастена, обеспрашена и без лабилини делови. Пред нанесувањето на Репаратур Глет, истата треба да се накваси со вода до заситување. Доколку подлогата е со помала цврстина или висока порозност, пред нанесувањето на Репаратур Глет, истата треба да се импрегнира со предпремаз од Врска-У разреден со вода (во однос Врска-У:Вода=1:3).

***Вградување:***
Репаратур Глет се подготвува со додавање на вода и постепено мешање до потполна хомогенизација. Односот на мешање е 1,0 kg Репаратур Глет со 0,26 до 0,28 kg вода. Замешаната смеса се остава да мирува околу 5 минути, по што повторно се промешува и се вградува со шпахтла или глетарка. Материјалот може да се нанесува во повеќе слоеви по претходно стврднување на претходниот слој (по изминати 12 до 24 часа во зависност од темпепратурните услови). Температурата при вградувањето потребно е да биде од 10 до 35°C.Површините обработени со Репаратур Глет потребно е да се заштитат од дожд, силен провев и замрзнување во период од 24 часа по нанесувањето. Отворено време за работа е околу 30 минути.

## Потрошувачка:

За слој со дебелина од 1mm и површина од 1m$^2$, потрошувачката изнесува 1,4 - 1,6 kg/m$^2$

## Чистење:

Алатот и опремата се чистат со вода, веднаш по употребата.

## Пакување:

Во вреќи од 5 и 20 kg.

## Складирање:

Во оригинална амбалажа, во суви простории, на температура од +5˚C до +35˚C и заштитен од директна изложеност на сонцеРок на употреба: 12 месеци.

РЕПАРАЦИЈА НА БЕТОНИ

**Опасност по здравјето:** Потребно да се внимава материјалот да не дојде во контакт со кожата, очите или да дојде до вдишување на материјалот. Во случај на контакт на кожата потребно е да се измие со вода и сапун. Во случај на контакт со очите, потребно е веднаш плакнење со чиста проточна вода, како и да се побара медицинска помош. Дополнителни информации се дадени во Безбедносниот лист на производот.
**Пожар:** Репаратур глет е незапалив.
**Чистење и депонирање:** Неврзани остатоци од Репартур Глет се чистат со вода. Старата искористена амбалажа потребно е да се депонира според локалните прописи и регулативи за тој тип отпад. Препорачуваме начинот на нанесување и потребните количини да се приспособат кон условите на објектот, како и задолжителна примена на соодветна опрема.

ADING
Новоселски пат (ул. 1409) бр. 11, 1060 Скопје, Р.Македонија, ading@ading.com.mk,
Тел: + 389 / 02 2034 840, 2034 822, Факс: + 389 / 02 2034 821
www.ading.com.mk